СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# *ЕУ ВЕСТИ*

***ЕУ ЦЕНТАР***
***Сеп-Окт 2025 година***
***ЕУЦ-број 105/2025***

## ЕВРОПА КОНТИНЕНТ НА ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА




Европската унија го забрзува својот потег кон лидерство во глобалната трка за вештачка интелигенција (ВИ) со новиот акционен план „Континент на ВИ“, објавен во април 2025 година. Оваа стратегија претставува целосен пристап кој комбинира регулатива, инвестиции, инфраструктура и развој на вештини.

Иако ЕУ веќе постави светски стандарди со Законот за ВИ од 2024 година, предизвиците остануваат значителни. Според податоците, само 14% од европските претпријатија користат ВИ технологии, со огромен јаз помеѓу големите корпорации (41%) и малите и средни претпријатија (11%). Европа, и покрај силната истражувачка база, се соочува со структурни слабости како фрагментиран пазар, ограничени приватни инвестиции и зависност од странски cloud технологии и полупроводнички технологии.

**Клучни елементи на акциониот план:**

**Инфраструктура:**
Се воспоставува мрежа од „ВИ фабрики“ и планови за „ВИ гигафабрики“ со цел да се обезбеди супер компјутерска моќ за истражувачи и бизниси.

**Вештини:**
Се лансира Академија за вештини за ВИ за да се надмине недостатокот на стручни кадри.

**Поедноставување на регулативата:**
Се воведува „Сервис деск“ за Законот за ВИ за да им се помогне на компаниите во имплементацијата.

**Инвестиции:**
Целта е да се мобилизираат 200 милијарди евра инвестиции во ВИ, вклучувајќи ја и иницијативата „Инвестирај во ВИ“.

Страните се поделени во нивните реакции. Индустријата ја поздравува насоката кон поедноставување и конкурентност, додека организациите од граѓанскиот сектор ја истакнуваат важноста да не се жртвуваат безбедносните стандарди и основните права во потрагата по иновации.

Перспективите за успех на ЕУ како „континент на ВИ“ ќе зависат не само од спроведувањето на овој акционен план, туку и од напредокот во Создавањето на унија за заштеди и инвестиции и од намалувањето на стратешката зависност од странски технологии. Европскиот парламент ќе има клучна улога во надгледувањето на напредокот и во обликувањето на идното законодавство, како што е предлог-законот за облачни технологии и развој на ВИ.

Оваа иницијатива ја означува стратешката определба на ЕУ не само да го регулира, туку и активно да ја гради својата дигитална иднина. Клучен показател за успех ќе биде зацврстувањето на Создавање на унија за заштеди и инвестиции (SIU), новата рамка за мобилизирање на приватниот капитал, која е од суштинско значење за финансирање на ВИ револуцијата во Европа.

Во октомври 2025 година со објавување на стратегијата Apply AI и Европската стратегија за ВИ во науката, Европската Унија ја постави основата за создавање Европски совет за истражување на вештачката интелигенција.

https://www.europarl.europa.eu

**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| Европа континент на вештачка интелигенција | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Новите членки на ЕУ без право на вето | 5 |
| Евробарометар на Европската комисија | 6 |
| Нови правила за платено политичко рекламирање | 6 |
| Киберсигурноста на ЕУ и Стратегијата PRO-TECTEU | 7 |
| Дигитален систем за влез и излез (EES) | 7 |
| Климатски цели за 2040 година | 8 |
| 75 години Европска конвенција за човекови права | 8 |
| Европски ден на јазици 2025 | 9 |
| Нов заеднички акциски план за борба против тероризмот на Западен Балкан | 9 |
| Социјален фонд за климата | 10 |
| Недела на родовата еднаквост | 10 |
| Стапка на невработеност во Европа | 11 |
| ЕУ календар / ноември 2025 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 8-11 септември 2025***

На септемвриската пленарна сесија европратениците одобрија нови мерки за спречување и намалување на отпадот од храна и текстил низ цела ЕУ. Ќе се воведат обврзувачки цели за намалување на отпадот од храна, кои треба да се исполнат на национално ниво до 31 декември 2030 година: 10% од преработка и производство на храна и 30% по глава на жител од малопродажба, ресторани, угостителски објекти и домаќинства.
Новите мерки усвоени со 431 глас имаат за цел да го поттикнат преминот на автомобилскиот сектор кон циркуларна економија преку намалување на влијанието врз животната средина поврзано со производството и третманот на возилата на крајот од животниот век, како и зајакнување на одржливоста на индустријата за рециклирање автомобили во Европа.
Европратениците ги поддржаа Џоел Елвингер од Луксембург (530 гласа) и Стеф Блок од Холандија (462 гласа) за нивен втор мандат како членови на Европскиот суд на ревизори.
Извештајот на Комитетот за надворешни работи, кој ги разгледува подготовките за пристапување на Украина во ЕУ во контекст на тековната агресивна војна на Русија, беше усвоен со 418 гласа.
Во своето обраќање пред европратениците, претседателката на Молдавија, Маиа Санду истакна дека претстојните парламентарни избори во Република Молдавија на 28 септември ќе бидат најзначајните во нејзината историја и дека исходот ќе одлучи „дали ќе се консолидираме како стабилна демократија“.
Европратениците со 617 гласа ги одобрија Промените во механизмот за прилагодување на јаглеродните граници на ЕУ (CBAM). Овие промени се дел од пакетот за поедноставување „Омнибус I“ презентиран на 26 февруари 2025 година, кој има за цел да го поедностави постојното законодавство во областите на одржливост и инвестиции.
На годишната дебата со европратениците претседателката на Европската Комисија, Урсула фон дер Лајен ја истакна работата на Комисијата од почетокот на нејзиниот нов мандат и нејзините претстојни планови.
Европратениците побараа поголем самостоен буџет за земјоделство по 2027 година, со помалку бирократија за земјоделците и стимулации за постигнување на еколошки и социјални цели. Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) на ЕУ не смее да се интегрира со други области на финансирање или да стане дел од поширок финансиски пакет што го користат земјите-членки за цели различни од земјоделството.
Европарламентот даде зелено светло за промените во кохезијата и социјалното финансирање на ЕУ како одговор на новите предизвици и приоритетите на ЕУ.
Европратениците усвоија став за реформата на Директивата за пакет-аранжмани, со цел да се обезбеди подобра заштита на патниците во случаи на прекин на патувањето и банкрот на туристичките оператори.
Во усвоената резолуција, европратениците ја осудуваат континуираната нелегална окупација на северниот дел од Кипар од страна на Турција во текот на 51 година и го осудуваат сериозното кршење на меѓународното право и пречка за мирот, стабилноста и односите меѓу Европската Унија и Турција.

***Пленарна сесија 6-9 октомври 2025***

„Политичкото насилство не може да има место во нашите општества и заедници“, изјави претседателката на Европскиот парламент, Роберта Мецола, на отворањето на пленарната сесија од 6 до 9 октомври.
Европратениците одобрија реформа на механизмот за суспензија на визите на ЕУ што се однесува на 61 земја чии државјани моментално можат да патуваат во Шенген-зоната без виза за краток престој до 90 дена во кој било 180-дневен период.

## НОВА ЕУ РЕГУЛАТИВА ЗА ПОЛИТИЧКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ



Механизмот ѝ овозможува на Европската комисија повторно да воведе барања за виза за одредена земја кога има безбедносни проблеми - прво привремено, во исчекување на истрага и дијалог, а потоа трајно, ако проблемите продолжат.
Обраќајќи се пред европратениците, премиерот на Луксембург, Лук Фриден, нагласи дека Европа мора повторно да се посвети на своите основни вредности за слобода, демократија и владеење на правото.
Европратениците одобрија мандат за преговори со земјите-членки за да се обезбедат соодветни услови за работа на практикантите и да се одвратат компаниите од маскирање на стандардните работни места како стажирање. Мандатот на Парламентот, подготвен од Комитетот за вработување и социјални прашања, предлага измени во новите правила на ЕУ за стажирање за подобро спречување на злоупотребувачки практики и за да се обезбеди дека практикантите имаат договори со јасни одредби за плата, времетраење и социјална заштита.
Со 577 гласа европарламентот го одобри барањето на Германија за 3.085.166 евра помош од ЕУ од Европскиот фонд за прилагодување кон глобализацијата за раселени работници (EGF) за работниците отпуштени по затворањето на фабриката за гуми на „Гудиер“ во Фулда и делумното затворање на фабриката во Ханау, Германија.
Европарламентот го одобри, со 578 гласа барањето на Белгија за 931.690 евра помош од ЕУ преку Европскиот фонд за прилагодување кон глобализацијата за раселени работници (EGF) за поддршка на 417 работници по затворањето на производителот на чипови BelGaN во јули 2024 година.
Во текстот усвоен со 492 гласа европратениците побараа поголема флексибилност и поддршка за земјоделците во почитувањето на постојните правила на заедничката земјоделска политика (ЗЗП).
Во две одделни гласања европарламентот отфрли два предлога за недоверба против Европската комисија. Првиот предлог, поднесен од групата „Патриоти за Европа“, беше одбиен со 378 „против“. Вториот предлог, поднесен од групата „Левица“, беше одбиен со 383 „против“.

***Пленарна сесија 20-23 октомври 2025***

Европратениците усвоија предлог од Конференцијата на претседатели (претседателот на ЕП Мецола и лидерите на политичките групи) за календарот на Парламентот за 2027 година. Во 2027 година, Парламентот треба да одржи 15 пленарни седници, од кои 12 се четиридневни седници во Стразбур, две се дводневни седници во Брисел и една еднодневна сесија по повод Денот на сеќавањето на холокаустот во Брисел.
Европскиот парламент поддржа ревидирање на правилата на ЕУ за возачки дозволи со кои се воведуваат одредби за возачи почетници, дигитална дозвола и дисквалификација од возење.
Европарламентот ја поддржа одлуката за започнување разговори со данското претседателство на Советот за забрана за увоз на руски гас и нафта, како што предложија Комисиите за меѓународна трговија и за индустрија, истражување и енергетика кога го усвоија својот став за предметот на 16 октомври 2025 година.
Во усвоената резолуција Европскиот парламент остро ја осудува тековната политичка поларизација и државната репресија во Србија една година по трагедијата во Нови Сад. Европратениците сакаат сеопфатни и транспарентни правни постапки за да се изведат пред лицето на правдата одговорните за уривањето на железничкиот кров.
На свечена седница двајцата истакнати белоруски опозициски лидери, Сергеј Тихановски и Свјатлана Цихануская ја повикаа ЕУ да продолжи да ја поддржува борбата на белорускиот народ за слобода и демократија.
Резолуцијата, подготвена од Комитетот за животна средина, клима и безбедност на храната, и одобрена со кревање раце, ја нагласува потребата ЕУ да остане лидер во меѓународните преговори за климата и дека сите сектори мора да придонесат за намалување на емисиите и постигнување климатска неутралност.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши на 15.10.2025 година оствари средба со претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, која во рамките на нејзината тридневна турнеја низ земјите од регионот на Западниот Балкан, е во посета на земјава. На средбата присуствуваше и заменикот на генералниот секретар на Собранието, Бобан Стојаноски. На средбата Гаши нагласи дека слоганот на ЕУ „обединети во различностите„ најдобро ја опишува Северна Македонија, а изрази и благодарност за Планот за раст на ЕУ за Западен Балкан, кој ветува значително подобрување на економскиот и социјалниот развој на државите во регионот и нивна поголема интеграција во ЕУ.

www.sobranie.mk

Претседателот на Собранието, Африм Гаши, на 14.10.2025 година во Собранието оствари средба со претседателот на Словачката Република, Петер Пелегрини, кој престојува во официјална посета на нашата земја. На средбата Гаши ја поздрави иницијативата на Словачка за поттикнување на економската ресоцијализација на регионот на Западен Балкан, како и потпишувањето на новиот Меморандум за економска соработка помеѓу министерствата на двете земји, кој ќе создаде нови можности за зголемена трговска размена и инвестиции.





На 17.10.2025 година Гаши оствари средба со делегација на пратеници кои во име на Европскиот парламент ги набљудуваа локалните избори. Членовите на Делегацијата доаѓаат од четири политички партии застапени во Европскиот парламент и тоа: Марта Темидо од Групата на социјалисти и демократи, Португалија; Карло Реслер од Европските народни партии, Хрватска, воедно и ко-претседавач на Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ – Северна Македонија; Пјер Пимпи од Патриоти за Европа, Франција и Николас Фарантурис од Левица, Грција.

На 1.10.2025 година претседателот Гаши оствари средбата со министерот за јавна администрација на Црна Гора, Мараш Дукај. На средбата Гаши ги истакна добрите односи помеѓу двете земји и изрази подготвеност за зајакнување на соработката во сите области, во насока на исполнување на заедничката цел на двете земји интеграцијата во Европската Унија



## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Делегација на Собранието, во состав: Игор Здравковски, заменик-претседател на Комисијата за европски прашања; Јованка Тренчевска, заменик-претседателка на Комисијата за финансирање и буџет; Силвана Ангелевска, членка на Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика, учествуваа на Интерпарламентарна конференција за стабилност, економска координација и управување во Европската Унија (SECG), како дел од Парламентарната димензија на Данското претседателство со Советот на Европската Унија, што се одржа од 28 до 30 септември 2025 година во Билунд, Данска. Во фокусот на Конференцијата беа теми поврзани со актуелните геополитички предизвици и тоа како ЕУ може да ја зајакне својата позиција во светската економија, како да се финансира безбедноста и одбранбената автономија на ЕУ во светло на тековните геополитички тензии; и дали фискалните правила на ЕУ се одржливи во новата геополитичка ситуација.




На 7 и 8 октомври 2025 година, во Подгорица, Црна Гора, се одржа регионална конференција на тема „Улогата на ефективниот парламентарен надзор во унапредувањето на процесот на пристапување кон Европската Унија“. На конференцијата учествуваа Даниела Белимова и Мимоза Муса, членки на Комисијата за европски прашања, Никола Ѓошевски, заменик-генерален секретар на Собранието, како и собраниска служба. Во рамките на панелот на кој делегациите го претставија работењето на своите парламенти во процесот на европските интеграции, пратеничката Даниела Белимова ги информираше присутните за актуелностите во работата на Комисијата за европски прашања и ги претстави активностите и резултатите што Комисијата ги постигнала во тековниот состав.

## НОВИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ БЕЗ ПРАВО НА ВЕТО




Европската унија се подготвува да ги реформира своите правила за донесување одлуки во можното проширување кон Западен Балкан и други земји-кандидати, што би значело дека новите членки може да немаат целосно право на вето во одредени области. Според нацрт-предлозите за реформирање на процесот на донесување одлуки во ЕУ, кои се во конечна фаза на подготовка, новите членки на Унијата би можеле да бидат предмет на изменета постапка на гласање во првите години по пристапувањето.

**Клучни промени кои се разгледуваат:**

**Ограничено вето за нови членки:** Земјите кои ќе се приклучат на ЕУ може да немаат целосно право на вето во одредени политички области во првите години од членството

**Повеќе одлуки со квалификувано мнозинство:** Проширување на областите каде одлуките се донесуваат со мнозинство, наместо со едногласност.

**Фазно учество:** Постепено стекнување на целосни права на членство во текот на одреден период.

Овие реформи, кои се дел од пошироките подготовки на ЕУ за можно проширување, имаат за цел да ја одржат функционалноста на Унијата и по приклучувањето на нови земји-членки.

За земјите од Западен Балкан, вклучувајќи ги Србија, Црна Гора, Албанија, Северна Македонија, Босна и Херцеговина и Косово, овие промени би значеле дека нивното целосно право на вето во сите области би било ограничено во првите години по пристапувањето.

Крајниот облик на предложените реформи се очекува да биде претставен во наредните месеци, откако ќе бидат завршени консултациите меѓу земјите-членки и институциите на ЕУ.

https://eupravozato.mondo.rs

## ЕВРОБАРОМЕТАР НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА




Европската комисија на 2 септември 2025 година ги објави резултатите од анкетата Евробарометар. Околу 56% од граѓаните на ЕУ се за понатамошно проширување со нови членки. Поддршката е особено висока кај младите луѓе. Околу две третини од испитаниците на возраст од 15 до 39 години веруваат дека (потенцијалните) земји-кандидати треба да се приклучат на ЕУ откако ќе ги исполнат потребните услови.
Најшироко признатите предности од членството во ЕУ вклучуваат посилно глобално влијание, поголем пазар за бизнисите во ЕУ, повеќе можности за работа и поголема солидарност и безбедност.
Испитаниците изразуваат загриженост поврзана со миграцијата, корупцијата и криминалот, како и финансиските трошоци за проширување.
Анкетата беше спроведена помеѓу февруари и март 2025 година, собирајќи мислења на повеќе од 26.300 граѓани во сите 27 земји-членки на ЕУ. Целосните резултати и информативните листови специфични за земјата се достапни онлајн.
Дополнително, анкети за перцепција на граѓаните за проширувањето беа спроведени во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Грузија, Молдавија, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Украина. Поддршката за пристапување во ЕУ е особено висока во Албанија (91%) и Северна Македонија (69%), при што граѓаните очекуваат придобивки како што се подобрен квалитет на живот и отворени граници. Спротивно на тоа, Србија покажува најниска поддршка за пристапување во ЕУ во регионот со 33%. Ентузијазмот за пристапување во ЕУ е силен, а во исто време е под влијание на специфичните економски и геополитички проблеми на секоја земја.

https://enlargement.ec.europa.eu

## НОВИ ПРАВИЛА ЗА ПЛАТЕНО ПОЛИТИЧКО РЕКЛАМИРАЊЕ



Од 10 октомври 2025 година, политичкото рекламирање во целата Европска Унија ќе функционира според построги и транспарентни правила. Новиот закон за политичко рекламирање, кој официјално влезе во сила, има за цел да ги заштити слободните и фер избори во сите 27 земји-членки со борба против манипулациите и дезинформациите од странски ентитети.
Клучни промени кои ги донесува новиот закон:
**Објаснување „Кој ја плаќа рекламата?“:** Сите политички реклами мора јасно да го прикажуваат името на оној што ја финансирал кампањата и да содржат транспарентна порака за тоа кој е одговоран за нивната содржина.
**Забрана за маскирање на идентитетот:** Се забранува користење на скриени спонзори, овозможувајќи им на граѓаните да знаат кој стои зад секоја политичка порака.
**Ограничување на мешањето на странските сили:** Строги правила го ограничуваат влијанието на ентитети од земји кои не се членки на ЕУ во европските политички кампањи, со цел да се спречи надворешното мешање во изборните процеси.
**Поголема одговорност на платформите:** Онлајн платформите и пребарувачите сега се обврзани да водат јавно достапни евиденции за сите политички реклами кои се прикажуваат на нивните услуги. Овие евиденции мора да содржат детали за целната публика, буџетот на кампањата и времетраењето на рекламната кампања.
Имплементацијата на законот ќе биде клучен чекор во зајакнувањето на европската демократија и заштитата на интегритетот на изборните процеси во дигиталната ера, обезбедувајќи подеднакви услови за сите политички актери.

https://commission.europa.eu

## КИБЕР СИГУРНОСТА НА ЕУ И СТРАТЕГИЈАТА PROTECT EU



Европската унија ја започна својата годишна кампања за подигање на свеста за киберсигурноста, Месецот на киберсигурноста на ЕУ (EUCWM), во октомври, истовремено објавувајќи ги клучните достигнувања и следните чекори на амбициозната стратегија „ProtectEU“. Овие иницијативи имаат за цел да ја зајакнат колективната отпорност на Унијата пред зголемениот број на софистицирани кибер-закани.
Темата на кампањата за 2025 година, „Заедно за киберсигурна Европа“, ја нагласува клучната улога на секој поединец и организација во создавање побезбеден онлајн простор. Преку низа на настани, обуки и истражувања низ цела Европа, кампањата има за цел да ги образува граѓаните и бизнисите за основните безбедносни практики, како што се употребата на силни лозинки, овозможувањето на повеќе факторска автентификација и препознавање на фишинг-обидите.
Како дел од следната фаза на ProtectEU, ЕУ се фокусира на:
**Борба против киберкриминалот:** Засилување на соработката помеѓу правосудните и извршните тела низ земјите-членки за ефикасно истражување и гонење на кибер-криминалците.
**Вештачка интелигенција (ВИ) и киберсигурност:** Истражување и развој на паметни алатки засновани на ВИ кои можат проактивно да ги откријат и неутрализираат заканите.
**Глобално учество:** Активно работење со меѓународни партнери за промовирање на заеднички стандарди за киберсигурност и одговорно однесување во кибер-просторот.
Со комбинирање на подигнатата јавна свесност преку EUCYBM и цврстите регулаторни рамки на Protect-EU, Европската унија ја зајакнува својата позиција како глобален актер во борбата против еволуирачките дигитални закани, работејќи кон безбедно и сигурно дигитално општество за сите свои граѓани.
https://home-affairs.ec.europa.eu

## ДИГИТАЛЕН СИСТЕМ ЗА ВЛЕЗ И ИЗЛЕЗ (EES)




Европската унија на 12 октомври 2025 година официјално го воведе својот нов Дигитален систем за влез и излез (EES), кој го менува начинот на кој се контролираат патниците на надворешните граници на блокот. Оваа голема дигитална преобразба ги заменува рачните печати во пасошите со автоматизирано електронско снимање. Новиот систем автоматски ќе ги регистрира имињата, типот на патувачот, пасошите и биометриските податоци (како што се отисокот на прстите и лицата) на сите граѓани од земјите кои не се членки на ЕУ кои патуваат во Шенген-зоната. Системот ќе ги евидентира датумите на влез и излез, како и секое одбивање на влез. Целта е двојна: да се зајакне безбедноста со подобро следење на престојот на луѓето кои влегуваат и излегуваат од ЕУ и да се автоматизираат граничните процедури. Системот е особено важен за спроведување на правилата за 90-дневен престој во рок од 180 дена за патниците кои не се од ЕУ кои патуваат без виза. Со точно евидентирање на датумите на влез и излез, властите можат лесно да утврдат дали некој ја надминал дозволената временска рамка.
EES служи и како основа за следната фаза на дигитализација на границите на ЕУ – Европскиот систем за овластување за патување (ETIAS), кој се очекува да се воведе во 2026 година.
Оваа дигитална преобразба ја засилува безбедноста на границите на ЕУ, но истовремено поставува прашања околу заштитата на приватноста и управувањето со податоци, бидејќи ЕУ сега собира и складира значителни количини на биометриски информации за патниците од земјите кои не се членки.
https://www.euronews.com

## КЛИМАТСКИ ЦЕЛИ ЗА 2040 ГОДИНА




Европската унија формално ќе ги засили своите климатски обврски на глобалното ниво, откако државите-членки се согласија на нова амбициозна цел за намалување на стакленичките гасови до 2035 година. Европската комисија има за цел да испрати „силен, обединет сигнал“ до глобалната заедница дека ЕУ и понатаму е цврсто решена да ги постигне целите на Парискиот договор.
Новиот национално утврден придонес (NDC) на ЕУ предвидува намалување на нето-емисиите на стакленички гасови за **66.25% до 72.5%** во однос на нивоата од 1990 година до 2035 година. Целта ги опфаќа сите сектори на економијата и сите стакленички гасови. Оваа цел претставува значаен пресврт на патот кон уште поголемата цел за 2040 година – намалување од 90% во однос на 1990 година, што води кон конечната цел на Унијата за климатска неутралност до 2050 година.
Комисијата постави прагматичен и флексибилен пат до 2040 година што ги одразува денешните економски, безбедносни и геополитички реалности, а воедно им дава на инвеститорите и бизнисите предвидливост потребна за да се поттикне чистата транзиција и индустриската конкурентност на ЕУ.
Европскиот климатски закон, кој е на сила од јули 2021 година, ја зацврстува правната обврска на ЕУ за постигнување климатска неутралност до 2050 година.

https://ec.europa.eu

## 75 ГОДИНИ ЕВРОПСКА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА




На 4 ноември 2025 година беше одбележана 75-годишнината од потпишувањето на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), правен документ потпишан во Рим на 4 ноември 1950 година, кој постави стандарди за заштита на основните слободи на секој поединец.
Конвенцијата, првиот правно обврзувачки инструмент кој дал конкретна правна сила на начелата од Универзалната декларација за човекови права, ги обврзува владите да ги почитуваат основните права и слободи. Таа гарантира дека секој поединец – без разлика на потекло или статус има пристап до правна заштита и право на одбрана, осигуравајќи дека сите се третирани со достоинство, правичност и еднаквост пред законот.
Во текот на својата 75-годишна историја, Конвенцијата покажала извонредна отпорност и способност да одговори на нови општествени и политички предизвици, останувајќи верна на својата основна мисија: заштитата на човековото достоинство. Европскиот суд за човекови права во Стразбург се издвојува како еден од централните столбови на заедничката европска институционална архитектура, обезбедувајќи преку своето толкување и надзор Конвенцијата да остане „жив инструмент“ кој се прилагодува на современото време.
Оваа јубилејна годишница служи како моќно потсетување за трајното значење на овој договор во обезбедувањето на правда и достоинство за милиони граѓани низ целиот европски континент.

https://www.gov.si

## ЕВРОПСКИ ДЕН НА ЈАЗИЦИ 2025



На 26 септември 2025 година, Европската унија го одбележа Европскиот ден на јазиците, иницијатива која што секоја година ги истакнува богатството на јазичната разновидност и придобивките од учењето јазици. Оваа година, мотото на настанот е „Отвори го срцето и умот“, поттикнувајќи ги граѓаните да ги прифатат јазиците како мост кон нови култури, перспективи и можности.

Европскиот ден на јазиците, воспоставен од Европската комисија и Советот на Европа, има за цел:

- да поттикне учење на јазици во цела Европа, надминувајќи ги културните бариери.
- да промовира јазична и културна разновидност како фундаментална вредност на европскиот идентитет.
- да поттикне доживотно учење на јазици како во училниците, така и во секојдневниот живот.

Оваа година, акцентот е на моќта на јазиците да градат емотивни и интелектуални врски. „Отворањето на срцето и умот“ значи не само да се совладаат граматички правила, туку и да се развие емпатија, разбирање и почитување кон луѓето од различни културни позадини.

Европскиот ден на јазицити се одбележува секоја година на 26 септември. Иницијативата обединува милиони луѓе од 45 земји-учеснички, со цел да се поттикне јазичната разноликост и доживотното учење на јазици на целиот континент.

https://commission.europa.eu

## НОВ ЗАЕДНИЧКИ АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН




Европската комисија и партнерите од Западниот Балкан постигнаа договор за нов Заеднички акционен план за спречување и борба против тероризмот и насилниот екстремизам. Планот, чија валидност се протега до 2030 година, има за цел да ги зајакне безбедносните соработки и да ја подготви регијата за идните предизвици во процесот на пристапување кон ЕУ.

Акциониот план се фокусира на пет клучни области:

**Правна и институционална рамка:** Усогласување на националните законодавства со европските прописи за борба против тероризмот, правата на жртвите и борбата против терористичка содржина на интернет.

**Превенција:** Засилување на напорите за спречување на радикализацијата, особено кај младите, вклучувајќи ги и програмите за реинтеграција и ресоцијализација на вратените борци-терористи и нивните семејства во општеството.

**Размена на информации и оперативна соработка:** Подобрување на размената на информации со Европол и Евроџаст, користење на алатки како SIENA, и зголемена соработка за отстранување на терористичка содржина од интернет.

**Финансирање на тероризмот:** Ажурирање на законите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, со посебно внимание на криптовалутите и ризиците од несакано странско финансирање кое поттикнува радикализација.

**Заштита на граѓаните и критичната инфраструктура:** Подобрување на заштита на јавните простори и критичната инфраструктура од закани како злоупотреба на цивилни дронови и трговија со илегално оружје.

Имплементацијата на планот ќе се следи преку национални патокази кои партнерите од Западниот Балкан ќе ги подготват, а Европската комисија ќе ги поддржи преку финансиски и оперативни инструменти. Овој план ја потврдува посветеноста на сите страни за создавање на посигурна заедничка иднина во Европа.

https://home-affairs.ec.europa.eu

## СОЦИЈАЛЕН ФОНД ЗА КЛИМАТА



Европската комисија на 14 октомври 2025 година објави нов водич за имплементација на Социјалниот климатски фонд (СКФ). Од 2026 година тој ќе мобилизира над 86 милијарди евра за поддршка на ранливите домаќинства и малите бизниси во зелената транзиција.
Фондот, кој претставува клучен механизам за овозможување на праведна еколошка преобразба, ќе ги користи приходите од новиот систем за тргување со емисии за горива во згради и транспорт (ETS2) за да им помогне на граѓаните и претпријатијата да се справат со трошоците за преминот кон чисти енергетски решенија.
**Клучни принципи на функционирање:**
**Поддршка базирана на резултати:** Исплатите ќе се вршат само по постигнување на договорените цели и показатели,
**Предвидливост:** Секоја мерка во националните планови ќе има одредена вредност на исплата,
**Поедноставена процедура:** Земјите-членки можат да ги користат постојните структури од Кохезионата политика,
**Транспарентност:** Ќе се користи единствен дигитален систем за следење на сите мерки и корисници,
**Вклучување на засегнатите страни:** Неопходно е учество на локални власти и цивилно општество.
Фондот ќе финансира мерки како: реновирање на згради и подобрување на енергетската ефикасност, инсталирање на чисти системи за греење и ладење, поддршка за обновливи извори на енергија и промоција на нула-емисиона мобилност и јавен транспорт.
Социјалниот климатски фонд претставува еден од најамбициозните инструменти на ЕУ за комбинирање на климатските цели со социјалната правда, обезбедувајќи дека никој нема да биде изоставен од патот кон климатски неутрална Европа до 2050 година.

https://ec.europa.eu

## НЕДЕЛА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ




Под мотото „Време е да се дејствува“, Европскиот парламент на 28 октомври 2025 година официјално ја отвори Неделата на родовата еднаквост за 2025 година, настан кој ќе ги истакне предизвиците и решенијата за постигнување на вистинска родова еднаквост во Европа.
Оваа годишна иницијатива, која се одржува во сите главни политички области, има за цел да ја зголеми свеста и да поттикне конкретни дејствија за зајакнување на правата на жените и унапредување на родовата еднаквост низ сите земји-членки на ЕУ.
Клучни теми на овогодишниот настан:
**Родова правда во дигиталниот премин**: Се разгледува влијанието на вештачката интелигенција и дигитализацијата на родовата еднаквост,
**Економска независност на жените:** Дискусии за јазот во платите и пензиите помеѓу мажите и жените,
**Борба против родовата основа на насилството:** Преговори за подобрување на заштитата на жените од сите форми на насилство,
**Застапеност во одлучувањето:** Истражување на начини за зголемување на учеството на жените во политичкиот и корпоративниот живот.
Неделата на родовата еднаквост се одржува во критичен момент, кога според најновите податоци, Европа сè уште се соочува со значителен родов јаз во платите кој изнесува во просек 13%, со недоволна застапеност на жените во одлучувачките позиции и со зголемени пријави за родова основа на насилството.

https://www.europarl.europa.eu

## СТАПКА НА НЕВРАБОТЕНОСТ ВО ЕВРОПА

Во еврозоната, стапката на невработеност измерена според методологијата на Меѓународната организација на трудот (ILO) во септември изнесувала 6,3%, исто како и во претходните два месеци.
На ниво на Европската унија, стапката останала на нивото од август, кога според ревидираните податоци на статистичката служба изнесувала 6%.
И во септември минатата година еврозоната бележела стапка на невработеност од 6,3%, додека во целата ЕУ таа изнесувала 5,9%.
Според проценките на Евростат, во септември во ЕУ без работа биле речиси 13,25 милиони граѓани, од кои повеќе од 11 милиони во еврозоната.
Шпанија и во септември останала единствената земја со двоцифрена стапка на невработеност – 10,5%. Потоа следи Финска со 9,8, а близу е и Шведска со 8,7%.
Најниска невработеност имале Чешка и Малта, со стапки од 3%. Во оваа група се и Словенија и Полска, со стапки од 3,1% и 3,2%.




https://ec.europa.eu/eurostat

### ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ СО ЕВРОПСКО ЗНАМЕНЦЕ ВО СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА

*Закон за пристапност на веб-страниците и мобилните апликации на институциите од јавниот сектор,
*Закон за изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај,
*Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност,
*Закон за индустриски емисии.

***ЕУ КАЛЕНДАР / ноември 2025***

1. *Состанок на Советот за надворешни работи, 20 и 24/11/2025, Брисел;*
2. *Состанок на Советот за општи работи, 17/11/2025, Брисел;*
3. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 12,13 и 24-27/11/2025, Стразбург.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА


**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: „11 Октомври“ бр.10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локали 414 и 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk


*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот" во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации што се поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




